Алма ТАСЕВСКА УДК: 37.018.2

# АВАНГАРДНИТЕ ПОГЛЕДИ НА ЕЛЕН КЕЈ ЗА ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕТЕТО

***Кратка содржина***

*Прашањето за воспитувањето на детето претставува неисцрпен и вечено актуелен педагошки проблем. Разгледувањето на досегашните толкувања по однос на различните пристапи во процесот на воспитување ја овозможува тенденцијата за нивно перманентно осовременување. Во овој труд акцентот е поставен на анализа на едно поинакво размислување за воспитување на децата кој и денес се толкува како современ. Прашањата поврзани со воспитувањето, улогата и ликот на воспитувачот како и примената на соодветните воспитни средства претставуваат само дел од авангардните погледи на авторката Елен Кеј. Иако нејзиното дејтвување во оваа област се случувало одамна сепак понудените ставови ги разгледуваме како мотивација во похрабра потрага по создавање на успешна воспитна филозофија, која идејата за векот на детето ќе ја направи остварлива.*

***Клучни зборови:*** *ПОГЛЕДИ ЗА ВОСПИТУВАЊЕТО, ЛИКОТ НА ВОСПИТУВАЧОТ, ВОСПИТНИ СРЕДСТВА.*

## ВОВЕД

*„Дваесеттиот век ќе постане век на детето и тоа ќе има двостепено значење: од една страна возрасните конечно ќе ги сфатат децата; а од друга страна и самите ќе ја зачуваат детската едноставност.“* [1]

Елен Кеј (Ellen Karolina Maria Key) (1849-1926) е шведески педагог, автор, критичар и идеолог. ширум целиот свет станала позната по своите единствени пристапи за воспитувањето и образованието. Сопствените авангардни и просперитетни размилсувања ги изнесува во неколку книги од кои особено значајна е „Векот на детето“

[1] Key, E. 2000, Stoljeće djeteta, Zagreb: EDUCA, str. 122.

објавена во 1902 г. во Шветска. Оваа нејзина книга стручната јавност ја смета за педагошка класика. Впрочем, таа претставува неодминлива книга за сите оние кои се интересираат за училиштето по мера на ученикот, за воспитување во чиј центар е детето, за индивидуализираната настава, за почитувањето на детските права, како и потребите за надминувањата на педагошката традиција и поставување на современите пристапи кои ги заговара т.н. нова или реформска педагогија.

Своевремено, содржините на оваа но и на сите други нејзини книги, кај многу читатели влеале надеж дека 20. век ќе биде век на детето. За жал, не се исполнија предвидувањата на авторката Елен Кеј. Но сепак постојат доволно мотиви за да се запрашаме – ќе се оствари ли во 21. век нејзината визија? Иако на прагот на 21. век не можеме со сигурност да одговориме на ова прашање, сепак таквите очекувања се доволна причина и во денешно време да се анализираат и да се разгледуваат погледите и сфаќањата на Елен Кеј за воспитувањето, и при тоа поголемиот дел од нив да се разберат како престижна постапка во педагошкото делување која ќе обезбеди позитивни образовни и воспитни ефекти.

Авангардноста на оваа авторка ја согледуваме во објективно-постоечкото исчекување на примена на нејзините размислувања во практика кои и после еден век ги прави сè уште актуелни и некои од нив недостижни.

## Погледите за воспитувањето

*„Допуштање на природата мирно и лесно сама себе да си помогне, и да се настојува околностите да ја потпомогнат работата на природата-тоа е воспитување.“* [2]

Воспитниот идеал на Елен Кеј се отсликува во создавање на весело и безгрижно детство, бидејќи смета дека постоењето на стравот е несреќа на детството, а патењето на децата се зголемува преку полусвесни спротивности создадени меѓу безграничните можности за остварување на среќата и вистинска постапка кон остварување на тие можности.

За времето во кое оваа авторка живее и создава сопствени ставови за воспитувањето тие претставуваат вистинска пресвртница во

[2] Ibid. str. 76.

сфаќањето на тој процес. Таа зборува за умеење, за природно воспитување кое се остварува во една сосема поинаква и дотогаш не практицирана насока.

Елен Кеј длабоко го изразува своето незадоволство кон сите оние кои што гласно бараат воспитувањето да и помогне само на индивудалната природа на детето, но сепак го остваруваат педагошкиот злочин кој се однесува на потиснувањето на сопственото битие на детето. Но нејзината авангардност се отсликува во обидот да понуди едно исправно поаѓалиште во воспитувањето на децата кое ја овозможува нивната реализација како социјални битија, а тоа е кон децата да се однесуваме како на себе рамни, со што истовремено ја јакнеме храброста детето да се формира како поединец, односно автентична индивидуа.

На проблемот на воспитувањето Кеј гледа како на процес кој што треба да го овозможи формирањето на послушноста кај децата. Меѓутоа за да ја претвориме послушноста во навика, според неа доволен е само еден поглед, еден одреден тон, еден збор. Иако тоа претставува долг процес честото незадоволството кое при тоа се пројавува кај воспитувачите таа се обидува да го стави во функција на делотворно средство, но единствено доколку тоа паѓа како сенка на инаку создадената позитивна атмосфера која треба да владее во воспитната средината.

Оттука може да се истакне дека средината и воспитувањето ги разгледува во својата комплементарност и при тоа ги нагласува празните јапонски соби како идеални за воспитувањето на децата, за разлика од модерни соби во кои има премногу мебел и не се погодни за децата. Всушност таа вели дека во раните години во кои воспитувањето се одвива преку допир, вкус, итн. постојано можеме да слушнеме извици: Остави го тоа! – Не го допирај тоа! Итн. Поаѓајќи од таа вистина својот став го презентира во насока и форма на битна потреба на темпераментните деца, како и потребата за развој на нивните сили, да имаат голема детска соба со весели бои и со убави литографии која Ќе им понуди потполна слобода во движењето.

Меѓутоа за да се реализира така сфатеното воспитание таа ја истакнува потребата од реформирање, односно формирање на сосема нови домови, нови училишта, нови бракови и нови општествени односи, како би можело на тој начин да се создадат нови души кои поседуваат бескрајна разноликост на чувствата, љубовта и болката, души кои го разбираат животот, се надеваат и веруваат во него.

Генерално Елен Кеј во воспитувањето гледа можност за целокупен напредок, на општеството и на поединците. Но како значај-

на цел која што треба да се постигне со воспитувањето, според сфаќањето на оваа авторка, всушност треба да се побуди, оживее и зајакне чувство на самостојност кај детето, да се побуди храброст за отстапување од нормите во случај кога тоа не ги повредува правата на другите, а да не биде само предизвикување внимание на себе. Заради тоа потребно е да се создадат можности воспитувањето да му подари на детето чиста совест, да му се овозможи ослободување од општо прифатените ставови, од вообичаените навики, и од преовладувачките чувства.

## Ликот на воспитувачот

*„Воспитувачи кои од ден на ден се воспитуваат самите себе и создаваат средина насочувајќи се кон одредена цел, денес се сè уште вистинска реткост."* [3]

Изнесувајќи ги своите ставови и сугестии кон воспитувачите Елен Кеј се обидува да го даде својот придонес кон менување на постојната практика во воспитувањето и третманот на детето од страна на воспитувачите. Впрочем таа создава една сосема поинаква слика за воспитувачот и пред него поставува барања кои не само што ги надминале тогаш постојните туку и ги поставиле стандардите за она што и во иднина ќе значи квалитетен воспитувач. Всушност целната група кон која се наменети нејзините ставови по однос на ова прашање се сите оние поединци кои сакаат да размислуваат на нов начин и кои се, соодветно на тоа, подготвени да престанат со воспитувањето на стариот начин.

Своите иницијални размислувања за оваа проблематика ги темели врз истакнувањето на негативните аспекти на дејствувањето на воспитувачот, кои одат во насока на неговиот однос кон детето како кон апстрактен поим, како кон неорганска материја која нема сопствена личност, и неговата доминантна можност да ја обликува и преобликува таа материја.

Меѓутоа Кеј многу сликовито ја дефинира улогата на воспитувачот за кого вели дека треба да му овозможи на детето на секој чекор да стекне искуство од животот, но при тоа никогаш да не го отстранува трнот од неговата ружа, впрочем тоа е она за што воспитувачите најмалку размислуваат.

---

[3] Ibid. str. 79.

Односот пак меѓу воспитувачот и детето го објаснува преку тезата дека ниедно човеково битие не учи до крај да го разбере другото човечко битие, а највеќе што може да направи е да го поднесе. Јасно го истакнува ставот дека тоа е однос во кој скоро секогаш недостасува длабока љубов и разбирање.

Обидувајќи се да ги иницира промените во контекст на третманот на детето, таа поставува барања пред воспитувачите да покажат почитување кон пријателите на детето, кон неговиот вкус, работата но и кон неговото време, при тоа да се обидат да го подучуваат детето да заземе свое место во животот и да превземе одговорност за се она што го опкружува. Впрочем тоа се истите тие почитувања кои се покажуваат и кон возрасните, а кои може и треба да бидат пренесени во однесувањето кон децата. На тој начин Елен Кеј смета дека воспитувањето ќе стане бескрајно лесно но и бескрајно тешко умеење.

Особено големо значење и придава на играта како значаен сегмент од животот на децата. Во таа насока смета дека само оној кој знае да си игра со децата може да е во состојба да ги подучи на нешто. Бидејќи првото поставено барање за воспитување на децата е да се стане таков какви што се и тие.

Оваа авторка своевремено го отвара прашањето и за една како што таа ја нарекува *трајна појава*, да впрочем оние кои се оригинални и посебно надарени деца, како во домот така и во училиште, најчесто се несоодветно третирани па дури и злоупотребувани. Ретко се придава вистинско значење кон детето кое прави бука или се повлекло само во себе. И токму во ваквите ситуации родителите и учителите ја покажуваат својата неспособност за темелните умеења во воспитувањето кое според Кеј претставува *моќ да се види со очите*.

Всушност оваа појава егзистира и во денешната практика, и многу ретко доживува соодветен третман. Но во времето во кое што таа живее да се зборува за постоење на една ваква појава претставуваа уште една потврда за високата авангардност на нејзините сфаќања.

## Примена на воспитни средства

*„Зошто детето многу брзо учи дека огнот гори? Затоа што огнот секогаш тоа го прави.“*[4]

Во своите размислувања за воспитните средства Елен Кеј повикува на доследност во нивната примената, особено на казните.

[4] Ibid. str. 89.

Поаѓајќи од примерот кога мајката која еднаш тепа, еднаш се заканува, еднаш плаче, еднаш забранува и веднаш потоа допушта, мајка која што не го одржува она што казнува, која не присилува на послушност туку само зборува, мајка која со еден збор еднаш прави едно друг пат друго, а трет пат трето, смета дека неможе да поседува силни воспитни методи како што има огнот. Впрочем почитување на принципот на доследност во спроведувањето на воспитните средства единствено може да продуцира позитивни ефекти.

Сепак Елен Кеј повеќе внимание посветува на анализа на физички казни кои во тоа време биле најчесто применувани, како еден вид на воспитни средства и нив ги разгледува од неколку аспекти. Таа вели дека различните модерни луѓе го оправдуваат и бранат тепањето со тврдење дека тоа се често поблаги казни од природните последици на некое дело, физичкото тепање најсилно делува и дека децата на него највеќе се сеќаваат заради тоа што будат асоцијации. Но факт е дека тоа се асоцијациии кои предизвикуваат физичка болка и срам. Од друга страна пак таа ги анализира застапниците на доктрина дека шокот и болката за луѓето биле први воспитни средства, па оттука и ставот дека детето мора да учи по тој пат како што тоа го направил целиот човеков род.

Но за да се воспитува правилно според Кеј потребно е после првите две три години од животот да се отсрани размислувањето за физичкото тепање како едно од множностите на воспитувањето. Меѓутоа најдобро решение е кога родителот уште пред раѓањето на детето да одлучи дека никогаш нема да посегне по тепањето.

Оваа авторка се повикува на компарацијата на Коменски кога воспитувачот кој посегнува по физичкото казнување како воспитно средство го споредил со музичар кој со шаките удирал во своите инструменти кои не биле ускладени, наместо да ги употреби увото и раката како би се ускладиле. Оттука може да произлезе и ставот дека ништо неможе поделотворно да го унапреди развојот на воспитувањето од воспитувач кој ќе научи да воспитува со главата наместо со рацете.

Во насока на тоа Елен Кеј бара законот во секое училиште да се забрани секаков удар и доколку се применува таква казна учителот да биде отпуштен на самото место. Мора да се истакне фактот дека е потребна вистинска смелост во поставувањето на едно вакво јасно барање, се разбира земјаќи го впредвид времето во кое таа живеела и дејствувала.

Оваа авторка дава свои размислувања и по однос на темелни претпоставки врз кои почива тепањето, според неа тоа се: недоста-

ток на самосовладување, недостаток на интелигенција, недостаток на трпение, недостаок на достоинство. Но при тоа напоменува дека сите оние кои го оправдуваат таквото воспитно средство и во моментот кога ќе посегнат по физичкото казнување, доволно е само да се присетат на сопственото чувство и доживување на тепањето од своето детство.

Како заклучно согледување по однос на оваа проблематика авторката се повикува на размислувањето дека се додека во образовните институции се применуваат овие воспитни средства можеме да очекуваме кај детето да се равие бруталноста на сметка на хуманоста. Детето може тие брутални методи да ги применува и кон животните, кон помладите браќа и сестри, кон пријателите, бидејќи таа метода се применува и кон него. Основниот излез од ваквата состојба кој авторката го нуди е примерот каде детето ќе види дека воспитувачот секогаш и секаде не ја применува суровата сила, тогаш и самото тоа постапно ќе научи да презира такви средства во сите прилики, освен кога се работи за одбрана на физички нападната личност.

Иако овие решенија навидум и од денешен аспект звучат едноставни сепак станува збор за понудени алтернативи во време кога физичката казна ја уживала својата моќ и владеење. Да се понудат вакви ставови во тој период сепак претставува смелост во размислувањето.

## Заклучок

Фактот што оваа писателка живеела и творела многу одамна, не треба да претставува инхибиција пред желбата за восхит кон нејзините размислувања. Многу нешта од она што таа своевремено го понудила на овој свет дури и во денешно време блескаат во својата светлина и актуелност. Впрочем сведоци сме на многу прогресивни движења и реформни обиди кои во својата теоретска основа јасно ја истакнуваат идејата на Елен Кеј. Во таа насока треба да се напомене дека педагошките концепции на Рудолф штајнер, Марија Монтесори, потоа сфаќањата на Џон Дјуи, и уште многубројни други педагози се засноваат на длабоките ставови и погледи на Елен Кеј.

Впрочем, таа како жесток критичар на традиционалната педагогија, се обидува да внесе одредени реформи кои се презентирани како можности на новото воспитување. Критикувајќи ги физичките казни и укажувајќи на нивните негативни последици се обидува да го

актуелизира внатрешниот живот на децата, и при тоа зборува за нивната душа и емоции. Но особено упатува барања за истакнување на потребата и значењето од почитувањето на детето. Сепак ваквите размислувања не ја одразуваат вистинската денешна практика, потребен е уште многу труд и флексибилност во размислувањето како би можело реално да се оствари почитувањето кон детето како кон возрасен човек.

Несомнено оваа авторка го заслужува вниманието не само на стручната јавност туку и на сите оние останати субјекти кои индиректно се инволвирани во педагогијата, односно процесот на воспитувањето и образованието.

Со голема слобода и оправданост и во днешно време треба да се постави прашањето – Ако 21. век не е век на детето, тогаш кога треба да очекуваме да дојде тој период?

(Рецензент: *йроф. д-р Лена Дамовска*)

## ЛИТЕРАТУРА

Aries, F. 1973, *Vekovi detinstva*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva: Beograd
Carlgren, F. (1990), *Odgoj ka slobodi*, Zagreb: Društvo za waldorfsku pedagogiju.
Kej, E. *Eseji o qubavi i braku*, PANTEON: Beograd
Kej, E. 1918, *O vaspitanju djeteta u školi*, Djurdjeviča: Beograd
Kej, E. 1902, *Stoljeće djeteta*, EDUCA: Zagreb.

www.britanica.com
www.socsci.com
www.ellenkey.de

Alma TASEVSKA

# THE AVANTGARDE VIEWS OF ELLEN KAY ON CHILD TEACHING


## Summary

*The issue concerning child teaching represents an endless and on-going pedagogical problem. Studying the different interpretations in terms of the various approaches to the teaching process enables their continuous improvement. In this work, the emphasis is put on the analysis of a different view concerning child teaching, which even today is regarded as contemporary. The issues connected to education, the role and the character of the teacher, as well as the application of the appropriate teaching means, represent just one part of the avantgarde views of the author Ellen Kay. Although her activity in this field happened a long time ago, nevertheless we will review her opinions as motivating in a bolder search for the creation of a successful teaching philosophy, which will fulfill the idea of the century of the child.*


***Keywords:*** *VIEWS CONCERNING TEACHING, THE CHARACTER OF THE TEACHER, MEANS OF TEACHING.*